*АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ*

**Човечки ресурси – извештај**
**Состојба во АФПЗРР**

285 систематизирани работни места
• 221 вработени + директор и заменик-директор
- 204 вработени на неопределено време (од кои 149 лица работат на ИПАРД)
- 15 вработени на определено време ( 5 лица во ИПАРД),
1 лице во сектор за регистри, 1- сектор за финансиски прашања и 1- сектор за ИТ и 2 -сектор за контрола на терен и 10 лица кои работат на националните програми)
- 6 лица ангажирани со договор на дело ( за спроведување на националните програми)
• 149 работат на ИПАРД Програмата 2021-2027
- 144 вработени на неопределено време
- 5 вработени на определено време

Тековни постапки за вработување

• Постапка за нови вработувања – Завршена постапка за вработување на 9 (девет) лица (1 (еден) помлад референт и 8 (осум) помлади соработници) на јавен оглас на неопределено време. Од наведените 9 (девет) лица на 8 (осум) лица им е сменет статусот од определено на неопределено време.
• Постапка за унапредувања /

Организациона структура (IPARD структура):
• Сектор за одобрување на проекти – 34 административни службеници,
• Сектор за одобрување на исплати – 22 административни службеници,
• Сектор за контрола на терен – 42 административни службеници,
• Сектор за финансиски прашања – 11 административни службеници,
• Сектор за внатрешна ревизија – 5 административни службеници,
• Сектор за општи и правни работи – 10 административни службеници,
• Сектор за регистри – 13 административни службеници,
• Сектор за аналитика и подршка на работата на директорот – 3 административни службеници
• Сектор за ИТ- 6 административни службеници
• Одделение за управување со човечки ресурси – 3 административни службеници

Мотивација на вработените:
- Почнувајќи од Јануари, 2023 година на сите вработените кои работат во АФПЗРР им се исплаќа додаток од 15% на основната плата.

**Финансиски податоци поврзани со спроведувањето на ИПАРД програмата; особено состојбата со реализацијата на финансиските алокации за 2015, 2016, 2017, 2018, 2019 и 2020 година**

Вкупно превземените обврски од склучените договори за финансиска поддршка, од јавните повици 01/2017, 01/2018, 02/2018, 01/2019, 02/2019, 01/2020 О 01/2021 изнесува 60.601.898,25 € (ЕУ учество).
Земајќи ги во предвид финансиските алокации како и предфинансирањето побарано од страна на НАО и одобрено од ЕК, не постои ризик за губење на правото за користење на средства од финансиски години 2014, 2015, 2016, 2017, 2018 и 2019.

**Статус со акредитација на мерката рурална јавна инфраструктура**

Во однос на акредитацијата на мерката рурална јавна инфраструктура договорени се следните активности со Националниот фонд и Телото за управување:
- реализација на потребните вработувања за реализација на оваа мерка до јули, 2019 година,
- реализација на основни обуки за оваа мерка (ПРАГ, измами/неправилности итн.) во периодот до септември, 2019 година (во зависност од расположливи стручни лица и средства преку TAIEX инструментот), и

- усогласување на постапките за работа за спроведување на мерката за рурална јавна инфраструктура со забелешките на Генералниот директорат за земјоделство и рурален развој на Европската комисија до 15.09.2019 година.

**Статус во однос на имплементацијата на акредитираните мерки 1, 3 и 7**

Во текот на изминатиот период, АФПЗРР го објави последниот јавен повик од ИПАРД програмскиот период ји се однесување само за поддршка на инвестиции од мерката 3. Повикот беше објавен на 04.08.2023 и беше отворен за поднесување на барања заклучно со 03.10.2023. Вкупниот број на пристигнати апликации, како и пресек на вкупната побарана сума за финансискча поддршка се претставени во табелата подолу.

Агенцијата започна со обработка на барањата веднаш со нивното пристигнување во Агенцијата. Како беше наведено и во самиот јавен повик, Агенцијата ќе започне со склучување на договори само по одобрување на Европската Комисија на барањето за пролонгирање на н+4, однсоно екстензија за имплементација на програмскиот период 2014-2020 за дополнителна една година. До овој момент офоцијално одобрување на ова барање не е доделено и соодветно ниту еден договор сеуште не е склучен.

Јавен повик 01/2023 (Евра)

| Мерка | Сектор | Вкупен број на апликации | Вкупно побарана сума |
|---|---|---|---|
| М3 | 01 | 1 | 153.072,27 |
| М3 | 02 | 12 | 1.540.933,35 |
| М3 | 03 | 25 | 5.080.630,89 |
| М3 | 04 | 9 | 651.380,81 |
| М3 | 05 | 1 | 229.283,97 |
| М3 | 06 | 10 | 992.440,73 |
| Вкупно на: | 28.11.2023 | 58 | 8.647.742,02 |

Административната обработка на сите апликации е завршена, проверка на комплетност и на соодветност, исто така на сите оценети соодветни апликации проверка на контрола на терен пред одобрува е извршена. До сега, проверка на референти цени од страна на одделението за водење на база референтни цени е завршено на 10 апликации и истите се доставени до Секторот за одобрување на проекти преку интерниот електронски систем.
До овој момент одбиени се вкупно 18 апликации.

Главна причина за одбивање на барањата од сите 3 мерки е некомплетност на барањата. Големо каснење во текот на обработката на предметите причинува бавниот одговор од страна на Бирото за судски вештачења во процесот на одредување на оправданост на трошоците. Големиот број на пристигнати апликации и недоволниот број на вработени, сеуште претставува едно од тесните грла во процесот на обработка на апликациите.

Во периодот Март 2023-Ноември 2023 пристигнати се 8 нови барања за исплата за мерка 1 (Инвестиции во материјални средства за земјоделски стопанства) со вкупно барана сума од 145.564.968,00 денари (2.366.910,00 €). Во истиот период од оваа мерка одобрени за исплата се 20 барања со вкупен износ од 1.613.582,00 €.
Досега вкупно се пристигнати 1886 барања за исплата и тоа за мерката 1. Вкупна барана сума 25.172.856,00 € .
Одобрени за исплата се 1787 барања во вкупен износ од околу 20.473.320,00 € .

Во периодот Март 2023-Ноември 2023 пристигнати се 25 нови барања за исплата за мерка 3 (Инвестиции во материјални средства за преработка на земјоделски и рибни производи) со вкупно барана сума од 227.867.591,00 денари (3.705.164 €). Во истиот период од оваа мерка исплатени се 24 барања со вкупен износ од 4.388.923,00 €.

Досега се пристигнати вкупно 134 барања за исплата за мерката 3. Вкупна барана сума 28.773.669,00 €. Одобрени за исплата се 125 барања во вкупен износ од околу 23.188.266,00 €.

Во периодот Март 2023-Ноември 2023 пристигнати се 27 нови барање за исплата за мерка 7 (Диверзификација на фарми и развој на бизниси) со вкупно барана сума од 450.030.697 денари ( 7.317.572,00 €). Во истиот период од оваа мерка исплатени се 35 барања со вкупен износ од 4.083.304,00 €). Досега се пристигнати вкупно 174 барања за исплата за мерката 7. Вкупна барана сума 16.586.369,00 € Одобрени за исплата се 155 барања во вкупен износ од околу 11.448.033,75 € .

| Мерка | Вкупно барања | Вкупно барана сума | Број на одбиени барања | Број на договори | Вкупно прифатливи трошоци | Вкупно прифатливи трошоци ЕУ дел | Број на барања за исплата | Барана сума за исплата вкупно | Барана сума за исплата ЕУ дел | Број на одобрени барања за исплата | Одобрена сума за исплата ЕУ дел | **Исплатена сума ЕУ дел** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М1 | 3251 | 56.845.115,19 € | 1182 | 1981 | 27.418.417,67 € | 20.563.813,25 € | 1886 | 25.172.856,00 € | 18.879.642,00 € | 1787 | 16.378.656,00 € | 16.190.146,00 € |
| М3 | 283 | 58.303.832,84 € | 77 | 146 | 30.716.298,07 € | 23.037.223,55 € | 134 | 28.773.669,00 € | 21.580.251,75 € | 125 | 18.550.613,00 € | 18.198.467,00 € |
| М7 | 698 | 118.933.776,95 € | 467 | 213 | 24.675.263,62 € | 18.506.447,72 € | 174 | 16.586.369,00 € | 12.439.776,75 € | 155 | 9.158.427,00 € | 8.987.065,00 € |
| М9 | 48 | - € | 16 | 25 | 395.477,00 € | 336.155,45 € | 24 | 291.962,00 € | 233.569,60 € | 22 | 230.273,00 € | 231.799,00 € |
| | | **234.082.724,98 €** | **1742** | **2365** | **83.205.456,36 €** | **62.443.639,97 €** | **2218** | **70.824.856,00 €** | **53.133.240,10 €** | **2089** | **44.317.969,00 €** | **43.607.477,00 €** |
| | | | | | | | | | | **Вкупно** | **55.374.433,95 €** | **54.486.166,35 €** |

## ***Контроли на самото место (од Март 2023 - тековно)***

***Контроли на терен – пред одобрување***

*Секторот за контрола на терен при АФПЗРР во периодот од Март 2023 година изврши вкупно 36 контроли на терен пред одобрување на проекти, за инвестиции од јавен повик 23/01 за ИПАРД Програмата 2014-2020 година. Во табелата се наведени извршените контроли на терен поделени по јавните повици.*

| *Јавен повик 23/01 (Мерка 3)* | |
|---|---|
| 36 КСМ | |
| Вкупен број на контроли | 36 КСМ |

***Контрола на терен – пред исплата***

*Секторот за контрола на терен при АФПЗРР во периодот од Март 2023 година изврши вкупно 63 контроли на терен пред исплата на инвестициите за јавните повици 19/01, 19/02, 20/01, 21/01 и 22/01 за ИПАРД Програмата 2014-2020 година. Во табелата се наведени извршените контроли на терен поделени по јавните повици.*

| *Јавен повик 19/01 (Мерка 7)* | |
|---|---|
| 5 КСМ | |
| *Јавен повик 19/02 (Мерка 3)* | |
| 4 КСМ | |
| *Јавен повик 20/01 (Мерка 1)* | |
| 14 КСМ | |
| *Јавен повик 21/01 (Мерка 7)* | |
| 19 КСМ | |
| *Јавен повик 22/01 (Мерка 3)* | |
| 21 КСМ | |
| Вкупен број на контроли | 63 КСМ |

***Контроли на терен – после исплата***

*Секторот за контрола на терен при АФПЗРР во периодот од Март 2023 изврши вкупно 285 контроли на терен после исплата на инвестициите за ИПАРД 1 Програмата 2007-2013 и ИПАРД 2 програмата 2014-2020.*

*Секторот за контрола на терен при АФПЗРР спроведе и дополнителни контролни за следење на препораки од ревизии и тоа 41 дополнителни контроли за проверка и следење на функционалност на инвестиција односно 39 кај инвестиции од Мерка 7 (опрема за пчеларство) и две кај корисник од мерка 3 ( преработка на овошје и зеленчук).*

*Во табелата се наведени извршените контроли на терен поделени по мерки*

| *Контроли после исплата (ИПАРД 1 2007-2013 и ИПАРД 2 2014-2020)* | |
|---|---|
| Мерка | Број на контроли по мерка |
| 1/101 | 238 КСМ |
| 3 | 3 КСМ редовни<br>2 контроли за следење на функционалност |
| 7 | 3 КСМ редовни<br>39 контроли за следење на функционалност |
| Вкупен број на контроли | 285 КСМ |